**20080080096**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јануари 2008 година.

Бр. 07-177/1
9 јануари 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ**

Член 1

Во Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2005, 50/2006 и 129/2006), во членот 1 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: ”освен ако со друг закон поинаку не е определено”.

Член 2

Во членот 11 став (1) точка 8 точката и запирката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: ”матична книга на умрени, матична книга на венчани, матична книга на родени, Регистар на трговски марки и другите права од индустриска сопственост;”.

Член 3

Во членот 19 по ставот 1 се додава нов став (2), кој гласи:

”(2) Како јавна или според закон заверена исправа не се смета адвокатско полномошно или полномошно заверено кај нотар со кое се определува побарувањето на доверителот да се исплати на друго лице.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 4

Во членот 26 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

”(3) Ништовноста на трансакциите се утврдува со правосилна одлука донесена во парнична постапка.”

Член 5

Во членот 27 став (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "во писмена форма со приложување на извршната исправа во оригинал".

Член 6

Во членот 28 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "освен во случаите кога со повлекувањето на барањето се злоупотребуваат правата на доверителот".

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Ако извршувањето е започнато, а повлекувањето на барањето за извршување од страна на доверителот предизвика штета за должникот, штетата е должен да ја надомести доверителот."

Член 7

Во членот 31 став (1) по зборот "лице" се додаваат зборовите: „кое врши јавни овластувања утврдени со закон".

Во ставот (4) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "како и по прибавено мислење на Комората на извршители".

Член 8

Во членот 34 став (6) по зборовите: "Службен весник на Република Македонија" се додаваат зборовите: "односно шест месеца од именувањето за извршител".

Член 9

Во членот 35 став (4) точката на крајот на втората реченица се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "освен во случај на негова болест или други оправдани причини, но не подолго од 15 дена од денот на реализираното извршување".

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

"(5) Посебната сметка на извршителот не може да биде предмет на присилно извршување на извршна исправа против извршителот како должник."

Член 10

Во членот 40 став (1) алинеја 1 зборовите: „писмени и усни" се бришат.

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

"- врши блокирање на подвижни предмети и недвижности заради оневозможување на нивната употреба или трошење со ставање жиг на извршителот;".

Во алинејата 9 која станува алинеја 10 сврзникот „и" на крајот на реченицата се брише и се додава нова алинеја 11, која гласи:

"- поднесува барања за поставување на старател до Центарот за социјални работи кога за посебни случаи адресата на должникот е непозната или нема застапник и".

Алинеите 8 и 10 стануваат алинеи 9 и 12.

Во ставот (3) зборовите: "и содржина" се бришат.

Член 11

Во членот 43 став (4) бројот „50.000" се заменува со бројот "100.000".

Член 12

По членот 46 се додава нов поднаслов, два нови наслови и два члена 46-а и 46-б, кои гласат:

"1. Доставување на писмена

Начини на достава

Член 46- а

1) Доставата на судските писмена извршителот ја врши според одредбите од Законот за парничната постапка и овој закон.

(2) Доставата на актите кои произлегуваат од работата на извршителот предвидени во членот 40 од овој закон се врши со непосредно предавање на актот од страна на извршителот и по пошта.

(3) Извршителот е должен секој неуспешен обид за достава да го констатира со службена белешка.

(4) Ако доставата согласно со ставовите (1) и (2) на овој член остане безуспешна, доставата се врши со јавна објава.

Достава со јавна објава

Член 46-б

(1) Ако живеалиштето или престојувалиштето, односно седиштето на странката е непознато за извршителот чие писмено се доставува, или пак извршителот не можел да изврши уредна достава до странката по пат на предавање, или по пошта, извршителот доставата ја врши со јавна објава.

(2) Објавата извршителот ја врши преку дневен печат кој е во оптек на целата територија на Република Македонија, секојдневно во текот на шест последователни броја. Ако странката на која и се врши достава употребува службен јазик различен од македонскиот јазик, извршителот објавата ја врши и преку дневен печат кој излегува на јазикот кој го употребува странката.

(3) Објавата се врши и со еднократна објава во „Службен весник на Република Македонија".

(4) Објавата ги содржи: називот на извршителот, името/називот на странката, познатата адреса, бројот на предметот, краток приказ на основот на предметот и периодот во којшто странката треба да се обрати до извршителот.

(5) Објавата содржи и предупредување за странката дека таквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека за негативните последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

(6) По истекот на периодот од ставовите (2) и (3) на овој член се смета дека странката уредно е известена за писменото. "

Член 13

Во членот 47 став (1) зборовите: „Извршителот има заменик на извршител, кој" се заменуваат со зборовите: "Секој извршител има обврска да достави предлог за именување на заменик на извршител во рок од 30 дена од денот на започнување со работа. Заменикот на извршителот".

Во ставот (2) алинејата 1 се брише.

Алинеите 2 и 3 стануваат алинеи 1 и 2.

Во ставот (3) бројот "2" се заменува со бројот "1".

Член 14

Во членот 49 став (2) точка 4 зборот „пет" се заменува со зборот „три", а зборот „три" се заменува со зборот "две ".

Член 15

Во членот 60 став (2) по точката б) се додава нова точка в), која гласи:

„в) против извршителот е донесена неправосилна пресуда со која му е изречена безусловна казна затвор над шест месеца.“

Член 16

Во членот 67 став (1) точка в) зборовите: ”ги утврдува предлогот на тарифата” се заменуваат со зборовите: „ја донесува тарифата за награда на извршителите по претходна согласност на министерот  за правда и ја утврдува”.

Член 17

Во членот 68 став (1) точка в) зборот „утврдување” се заменува со зборот ”донесување”.

Член 18

Во членот 75 став (1) точката на крајот на втората реченица се заменува со запирка по која се додаваат зборовите: ”во која не се назначува денот на преземањето на дејствието.”

Во ставот (3) зборот „претставникот” се заменува со зборовите: „лицето овластено за застапување”.

Член 19

Во членот 77 став (1) зборовите: „за отстранување на неправилностите” се бришат.

Во ставот (2) зборовите: ”за отстранување на неправилностите може да се поднесе” се заменуваат со зборовите: „образложен, аргументиран и поткрепен со соодветни докази се поднесува”.

Во ставот (6)  зборот „одлука” се заменува со зборот „решение”.

По ставот (6) се додаваат три нови става (7), (8) и (9), кои гласат:

“(7) Со решението претседателот на судот, може приговорот да го одбие или да го усвои.

(8) Претседателот на судот со решението со кое го усвојува приговорот ги утврдува сторените неправилности и ги става вон сила преземените извршни дејствија.

(9) Претседателот на судот со решението не може да го запре извршувањето, да укинува извршни дејствија, ниту да го задолжува извршителот да презема извршни дејствија.“

Член 20

По членот 77 се додаваат два нови наслови и два нови члена 77-а и 77-б, кои гласат:

“Жалба против решението на претседателот
на основниот суд

Член 77-а

(1) Против решението на претседателот на судот, странката или учесникот има право да поднесе жалба до апелациониот суд, на чие подрачје се наоѓа Основниот суд.

(2) Жалбата се поднесува во рок од три дена по приемот на решението од членот 77 преку основниот суд.

(3) Примерок од жалбата се доставува до спротивната  странка и учесникот, кој може во рок од три дена да поднесе одговор на  жалба.

(4) По добивањето на одговорот на жалбата или по истекот на рокот за одговор, предметот во рок од три дена ќе се достави до апелациониот суд, кој е должен во рок од пет дена да одлучи по жалбата.

(5) Жалбата не го задржува извршувањето.

(6) Доставувањето на жалбата, одговорот на жалбата и решението на претседателот на судот, до странките и учесникот, се врши преку извршител чие седиште е на територијата на судот на која е преземено оспореното дејствие.

(7) Апелациониот суд, одлучувајќи по жалбата, може решението да го потврди или да го преиначи.

(8) Против правосилната одлука на судот, не се дозволени ревизија и повторување на постапката.

Висина на такса за приговор и жалба

Член 77-б

(1) За поднесениот приговор од членот 77 на овој закон и за судската одлука донесена по приговорот, поднесувачот на приговорот е должен да плати судска такса според Законот за судски такси.Таксата за приговорот се плаќа како и таксата за тужба согласно со таксената тарифа според вредноста на оспорениот дел. Во ист износ се плаќа и таксата за решението од членот 77 на овој закон.

(2) За жалбата утврдена во членот 77-а од овој закон, се плаќа двојна такса од таксата за тужба.

(3) За одговор на приговор од членот 77 и одговор на жалба од членот 77-а на овој закон се плаќа половина од таксата од ставот (1) на овој член.

(4) Трошоците за судските такси и доставата се сметаат како трошоци на извршувањето."

Член 21

Членот 79 се менува и гласи:

„(1) Предлогот за противизвршување судот, односно органот кој ја донел извршната исправа, ќе го достави до доверителот и ќе го повика да поднесе одговор во рок од осум дена од денот на доставувањето.

(2) Ако во тој рок доверителот во одговорот го оспори предлогот, судот, односно органот, со решение ќе одлучи по предлогот. Судот по исклучок, ценејќи ги фактите на предметот, заради донесување на решението може да закаже и рочиште.

(3) Ако доверителот не поднесе одговор на предлогот, ненавремено поднесе одговор, или пак изјави дека не се противи на предлогот, судот, односно органот, со решение го усвојува предлогот и му наложува на доверителот во рок од 15 дена да му го врати на должникот она што го добил со извршувањето.

(4) Решението се извршува според одредбите на овој закон."

Член 22

Во членот 81 став (4) зборовите: "кој одлучува по приговорот за отстранување на неправилностите при извршувањето утврдени во" се заменуваат со зборот "од", а точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "но не подолго од 90 дена".

Во ставот (5) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „во висина на вредноста на главното побарување".

Член 23

Во членот 82 став (1) во првиот ред по зборот „извршувањето” се додаваат зборовите: „по барање на доверителот”.

Член 24

Во членот 93 став (1) по точката се додава нова реченица:”По исклучок, процената може да се изврши дополнително откако извршителот ќе обезбеди овластен проценител.”

Член 25

Во членот 104 став (1) по точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

”10) средствата на посебната сметка која ја поседува извршителот согласно со членот 35 од овој закон.“

Член 26

Во членот 134 став (2) зборовите: „на работодавецот да му ги намири на доверителот сите рати што пропуштил да ги запре и исплати” се заменуваат со зборовите: ”на носителот на платниот промет паричниот износ во висината на сите пропуштени рати, за кој е издаден налог за извршување, да го исплати на посебната сметка на извршителот утврдена во членот 35 став (4) од овој закон“.

Член 27

Во насловот на Главата петнаесетта во поднасловот 1. зборот „акции” се заменува со зборовите: „хартии од вредност”.

Член 28

Во членот 147 зборот „акции” се заменува со зборовите: „хартии од вредност”.

Член 29

Во насловот на членот 148 зборот “акции“ се заменува со зборовите: „хартии од вредност”.

Член 30

Во членот 148 став (1) зборот „акции” се заменува со зборовите; „хартии од вредност”, зборовите: „Централниот депозитар” се заменуваат со зборот „Депозитарот“, а зборовите: „кој води книги на акции“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „Централниот депозитар” се заменуваат со зборот „Депозитарот”.

Во ставот (3) зборовите: „Централниот депозитар” се заменуваат со зборот „Депозитарот”, зборот “акциите” се заменува со зборовите: “хартиите од вредност”, а зборовите: „во книгата на акциите“ се бришат.

Во ставот (4) зборот “акциите” се заменува со зборовите: “хартии од вредност”.

Член 31

Во насловот пред членот 149 зборот „акциите“ се заменува со зборовите: “хартии од вредност”.

Член 32

Членот 149 се менува и гласи:

“(1) Продажбата на хартиите од вредност од страна на извршителот се врши преку берза согласно со Законот за хартии од вредност и подзаконските акти кои произлегуваат од тој закон.

(2) Извршителот склучува договор за продажба на хартиите од вредност со овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност во име на должникот. Извршителот е овластен да го потпишува налогот за продажба на хартиите од вредност и другите документи во врска со продажбата во име на должникот.

(3) Паричните средства од продажбата на хартиите од вредност се префрлаат на посебната сметка на извршителот.

(4) Намирувањето на доверителот после продажбата на хартиите од вредност се врши согласно со одредбите од членовите 101 и 102 на овој закон.“

Член 33

Во насловот пред членот 176 зборот ”продавање” се заменува со зборот „продажба”.

Член 34

Во членот 176 зборот ”продавање” се заменува со зборот „продажба”.

Член 35

Во членот 188 став (2) зборот „од” се заменува со зборот „до”.

Член 36

Во членот 205 став (1) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: ”или ако извршителот одлучил извршувањето да се спроведе со друго средство на извршување“.

Член 37

Во членот 207 став (1) зборовите: „ќе донесе еден налог за извршување” се заменуваат со зборовите: „може да донесе налози за извршување за секој должник посебно”.

Ставот (3) се менува и гласи:

”Извршителот, налогот за извршување го доставува до оној носител на платен промет каде што се води сметката на должникот кој доверителот во барањето за извршување го определил како прв солидарен должник, односно кој во барањето е означен на прво место.“

Ставот (4) се менува и гласи:

”Ако во случајот од ставот (3) на овој член, налогот не се изврши или делумно се изврши, тогаш извршителот го повлекува налогот од носителот на платен промет. Извршителот изготвува друг налог за извршување со соодветни износи и го доставува до носителот на платен промет каде што се води сметката на следниот солидарен должник.”

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

“(5) Извршителот ја спроведува постапката за извршување од солидарните должници по редослед на ист начин како што е дефинирано во ставовите (3) и (4) на овој член до целосно намирување на доверителот.“

Член 38

Во членот 215 став (1) зборот ”доверителот” се заменува со зборот „извршителот”, а зборот „извршителот” се заменува со зборот „доверителот”.

Член 39

Во членот 222 став (5) по зборот „обврска” се додаваат зборовите: ”извршителот и”, а зборот „постапува” се заменува со зборот „постапуваат”.

Член 40

По членот 236-а се додава нов член 236-б, кој гласи:

“Член 236-б

(1) До достигнување на двојно поголем број на лица со положен испит за извршители од бројот на извршителите утврден за секое од подрачјата на основните судови согласно со членот 31 од овој закон и подзаконскиот акт со кој се определува бројот на извршителите за подрачјата на основниот суд, за заменик извршител може да биде именуван друг извршител.

(2) За достигнувањето на бројката согласно со ставот (1) на овој член, Министерството за правда ја известува Комората на извршителите на Република Македонија, која за истото ги известува сите именувани извршители.

(3) По достигнувањето на бројката согласно со ставот (1) на овој член извршителите кои за свој заменик имаат друг именуван извршител, се должни во рок од три месеца да иницираат постапка за именување на извршител во согласност со членот 47 став (2) од овој закон. “

Член 41

Во членот 238 став (1) годината „2007“ се заменува со годината „2008” .

Член 42

Во членот 239 став (2) зборовите: „за претходни и привремени мерки” се бришат.

Член 43

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".